ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 13-437/2**

**Дата: 17.05.2011**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА „СКОПЈЕ“ СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Скопје“ Скопје (во понатамошниот текст Јавна установа) за 2009 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Скопје“ Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Не е изразено мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а изразено е негативно мислење во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година.

Со извршената ревизија констатирано е дека не се воспоставени потребните контролни системи во процесите на: набавка и плаќање, персонални трошоци за вработените, приходите и побарувањата, залихите и имотот, располагањето со паричните средства, јавните набавки и вршењето попис, што создава ризик од незаконско и ненаменско користење на средствата.

Надлежните органи за управување и раководење со Јавната установа потребно е да превземат активности за пропишување и донесување на контролни постапки и да ги задолжат лицата одговорни за процесите да обезбедат нивно имплементирање.

Започнувајки од 01.09.2008 година па се до 21.02.2011 година раководењето со Јавната установа е доверено на лице вршител на должност директор.

Пописната комисија не ги извршила потребните активности кои ќе резултираат со уреден и сеопфатен извештај за средствата и нивните извори, усогласување на нивната сметководствена со фактичка состојба, констатирање на разликите и предлагање на мерки за постапување на надлежните органи.

Воспоставената пракса за начинот на прием, издавање и евидентирање на настанатите трансакции во деловните книги за залихите на лековите, медицинскиот потрошен материјал, прехранбените производи и нафтените деривати не ги задоволува утврдените законски барања и воспоставената добра пракса.

Јавната установа започнала одредени активности за утврдување на правото на сопственост/користење на земјиштето и градежните објекти, но до денот на известувањето не е извршено целосно запишување на земјиштето во Агенцијата за катастар на недвижности.

Фактурирање на извршените услуги од страна на Јавната установа се врши по цени кои се различни од цените по кои се набавени лековите и потрошениот медицински матријал.

Постапките за доделување на договори за јавни набавки се извршувани на тој начин што одредени постапувања во делот на: утврдување на вредноста на набавката во одлуките за јавни набавки; начинот на евалуација на понудите; изменување и дополнување на планот за јавни набавки; почитување на рокот на важење на договорите; делење на набавките; невоспоставената пракса на потпишување на прилозите (спецификациите) во договорите кои преставуваат основа за фактурирање на набавените стоки и надминување на вредноста на склучените договори не се во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки.

Надлежните органи за управување и раководење со Јавната установа потребно е да превземат мерки и активности за пропишување и донесување на политики и процедури за начинот на постапување и ги задолжат одговорните лица за нивно доследно имплементирање.

Утврдена е системска слабост во делот на обезбедување на потребните средства за обезбедување на здравствена заштита на граѓаните и осигурените

лица во делот на реализација на донесените програми од надлежните органи и начинот на надоместување на извршените услуги од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Јавната установа е тужена страна по разни основи (долг, утврдување на право на сопственост, надомест на штета, поништување на одлука за откажување на договор за вработување, распоредување и отказ) чија вредност на тужбените барања изнесува 5.397 илјади денари и чиј исход ќе има влијание на износот на обврските искажани во деловните книги.

Од страна на законскиот застапник на Јавната установа добиени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и од содржината на истите се констатира дека во најголем дел преставуваат известување за превземени мерки а останатите забелешки не ѓи прифати.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 32 до 34) заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Скопје“ Скопје за 2009 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Скопје“ Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Идриз Неџипи, вршител на должност директор во период од 01.09.2008 година до 21.02.2011 година а од 21.02.2011 година директор.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Скопје“ Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата изнесени во точката 2.3., ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие

стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Начинот на прием, евидентирање и издавање на лековите и медицинскиот потрошен материјал; начинот на вршење на попис; неискажување на обврските на име плата за прекувремена работа/дежурства; не извршеното потврдување на градежните објекти и земјиште како и пресметување на ревалоризација на земјиштето (вреднување по пазарна цена); отсуството на критериуми за подготвување на дневни оброци за лицата задржани на болничко лекување и начинот на постапување и документирање на наплатените средства на име партиципација влијаеше ревизијата да не биде во состојба да ја потврди реалната вредност на истите искажани во Билансот на состојба и Билансот на приходи и расходи.
Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 27.10.2010 до 30.12.2010 година кај Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Скопје“ Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 07.02.2011 година.
На ден 06.04.2011 година со писмо број 03-438 примени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 13-437/1 од 06.04.2011 година.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки, во одреден дел се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.

Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 3.1. Интерни контроли

3.1.1. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на набавки и плаќања во делот на евидентирање на влезни фактури и системот на залихи констатиравме постоење ризик заради непостоење на контрола, координација помеѓу надлежните организациони делови, разграничување на должностите, ненавремено евидентирање на залихите во сметководствената евиденција и соодветно вреднување и презентирање во финансиските извештаи. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за Јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Наведената состојба создава ризик за намалување на квалитетот на финансиските извештаи, информациите кои ги даваат истите и законското постапување со залихите.

Во прилог на забелешките раководителот на субјектот достави предлог „Процедури за набавка, плаќања, евидентирање на влезни фактури и систем на залихи“, која е предложена на усвојување од страна на управниот одбор.

**Препорака**

Надлежните органи за управување со Јавната установа да превземат активности за донесување на наведените процедури и го задолжи раководителот на субјектот да обезбеди соодветна имплементација на истата.

3.1.2. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на изработка и евиденција на пресметките и фактурите за извршени здравствени услуги, утврдени се следните состојби:

- во екстрахоспиталите се врши рачно изработување на пресметките на обрасци во два примерока без задржување примерок (во кочаните) и без наведување на редоследен број на истите, што го оневозможува потврдувањето на реализираните и фактурираните здравствени услуги,
- отсуство на редовно ажурирање на месечно изработените пресметки по оддели во компјутерските апликации и формирање на база на податоци на годишно ниво.

Погоренаведените состојби не се во согласност со Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и создаваат несигурност за целосноста на изработените и искажаните

фактури во однос на фактички реализираните здравствени услуги.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ги задолжи одговорните лицата да:
- вршат редовно ажурирање на месечните пресметки на одделите, и
- воспостават единствена/целосна база на податоци за истите на годишно ниво.

**Информациони системи**

3.1.3. Јавната установа користи информационен систем кој е дисперзиран на повеќе локации. Со извршената ревизија на начинот на најавување/пристап до одредени софтверски апликации, начинот на архивирање (заштита на податоците) и заклучување на историските податоци, ревизијата ги констатира следните состојби:
- најавувањето во апликациите кои ги користи субјектот е со една лозинка за сите вработени а одредени корисници на софтверските апликации се најавуваат без лозинка и нема распределба на должности при користењето на апликациите.
- нема процедури и политики за користење на апликациите и компјутерите,
- распространетоста на базите со податоци по локални компјутери (постојат повеќе локации односно 22) и неможност за пристап на компјутерите до една централна локација, без правење на сигурносна копија, претставува информатичка слабост на целиот систем, со можност за губење на податоците во случај на хаварија.

  Отсуството на архивирање за соодветниот месец, предизвикува губење на податоците за фактурирањето на пациентите за тековниот месец.

  Отсуството на меѓусебна поврзаност на одредени бази на податоци создава потреба од двојно внесување на податоци за нови пациенти и неможност за ажурирање на податоците.
- непостои автоматско превземање на цените на лекови од аптеката и нивно внесување во пресметките изработени на ниво на одделенија, што создава можност од погрешно и неточно фактурирање на истите;
- податоците за финансиското работење од минати години не се заклучени, и има можност за менување и по изготвување

на финансиските извештаи, што ја доведува во опасност веродостојноста на податоците. Копија од финансиското работење за минати години се чува на локален компјутер и нема надворешна копија од податоците. Налогот со почетната состојба во тековната година не е заклучен што дава можност за негово менување.

**Препораки**
Да се пропишат мерки и политики за: зачувување на сите податоци од сите одделенија; редовно ажурирање на цените по кои се прават пресметките; контролни (мануелни или програмски) механизми за внесените и пресметаните податоци и по можност централизирано чување на податоците.

Да изврши менување на софтверската апликација со која ќе се воспостави функцијата на заклучување на историските податоци во деловните книги.

Да обезбеди надворешна копија на сите податоци кои се користат во работењето, и редовно архивирање на сите податоци кои се добиваат од компјутерскиот систем.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Распоредување на вработените по работни места, пресметувањето на бруто платите и нивната исплата во Јавната установа освен со законските акти е уредено и со Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во ЈЗУ и договорите за вработување. Со извршената ревизија на наведените интерни акти и начинот на пресметување на бруто платите ревизијата ги констатира следните состојби:

- не е извршено усогласување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во ЈЗУ, со Законот за здравствена заштита и одредбите на колективниот договор, поради тоа што со истиот е систематизирано работно место Помошник директор по стручно медицински работи (кој има статус на заменик директор и истото е потполнето);
- листата на систематизирани работни места и бројот на нивни извршители во рамките на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Психијатриска болница “Скопје” - Скопје бр.02-1054/1 од

14.12.2007 година не соодвествуваат со описот на работи и работни места, а одредени работни места недостасуваат во листата со работни места;
- договорите за вработување на неопределено време, не се склучени во законски предвидениот рок и освен податоците за обврските на работникот и работодавачот не ги содржат другите со закон предвидени одредби/елементи (назив на работното место и краток опис на истото; висината на основната плата; другите надоместоци кои му припаѓаат на работникот; одредба за дневно или неделно работно време и распоредување на работното време, начинот на уредување на годишниот одмор, итн.), поради што за доуредување на наведената област се издаваат Решенија за распоредување на работи и работни задачи;
- склучувањето на договорите за вработување е извршено со закаснување од пет месеци а одредувањето на степенот на сложеност (со решенијата) е извршено со закаснување од шест месеци;
- не е извршено навремено усогласување/заменување на коефициентите за сите групи на сложеност;
- не е извршено навремена замена на износот на најниската плата за најнизок степен на сложеност во софтверската апликација за пресметка на платата;
- се врши неосновано зголемување на основната плата на одредени раководни работници и другите одговорни работници со додаток на плата по основ на раководење и одговорност;
- за работните места административен работник и архивар пресметувањето на бруто платите се вршени со коефициент на сложеност повисок од коефициентите што се предвидени за тие работни места во Колективниот договор, и
- не е извршено враќање на работничките книшки на поголем број на вработени и покрај тоа што Јавната установа имала обврска да ги врати најдоцна до 04 ноември 2008 година.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за работните односи, Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија и Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност. Не превземените активности за изменување и дополнување на интерните акти и недоследното почитување на истите

предизвикува отсуство на целосно уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу работодавачот и вработениот и исплата на плати во повисок износ од законски утврдените износи.

Во прилог на забелешките раководителот на субјектот меѓу другото достави и „Правилник за изменување и дополнување на правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје-Скопје“.

**Препорака**

Надлежните органи во Јавната установа да превземат активности за целосна имплементација на погоренаведениот акт и извршат усогласување на коефициентите за исплата на платите.

3.2.2. Јавната установа превземала активности за воспоставување на систем на електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа (дежурства). Со извршената ревизија на системот на интерни контроли во процесот на електронското евидентирање на работното време и информациите кои ги дава истиот кои треба да преставуваат основа за системот на пресметка на бруто платите на вработените, ревизијата ги констатира следните состојби:

- не се врши целосно евидентирање на прекувремената работа, поради што во текот на 2009 година не се евидентирани 19.134 часа, а за 2010 година 17.245 часа;
- пресметката на бруто платата на вработените не се темели на податоците и информациите кои се генерирани во системот за електронско евидентирање на полното работно време и прекувремената работа, односно истата се темели врз основа на месечни извештаи изработени и одобрени од одредени вработени на одделенијата или раководители на одделенијата кои не секогаш содржат точни податоци;
- не се врши навремено пресметување (за периодот за кој се однесуваат) на даноците и придонесите од бруто плата за прекувремена работа а со тоа е оневозможено и нивно евидентирање во деловните книги;
- извршени се исплати на име плата за прекувремена работа за 2008 година во бруто износ од 663 илјади денари по пат на пријавување на наведените работни часови во софтверската апликација за плати како часови за прекувремена работа од тековната 2009 година;

Ваквата состојба не е во согласност со Законот за работни односи, Законот за исплата на платите во Република Македонија и колективниот договор. Утврдената состојба создава ризик не секогаш применете средства на име плата и додатоци на плата (прекувремена работа/дежурство) да е одраз на работното време; несигурност во потврдувањето на трошоците исплатени на име плата; помалку искажани обврски на име даноци и придонеси од плата и нето плата како и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

Во периодот на извршување на ревизијата презентирана е Одлука за формирање на комисија за изработка на Правилник за електронска евиденција на работното време на вработените.

Во прилог на забелешките раководителот на субјектот достави „Одлука за пропишување и уредување на начинот на евидентирање, потврдување и пресметување на прекувремените часови и нивно прераспоредување“.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Јавната установа да превземат активности за доследна имплементација на погоренаведениот акт.

3.2.3. На ден 01.09.2008 година, со решение од Министерот за здравство именуван е работоводен орган, вршител на должност директор, за период не подолг од шест месеци но не и лице како втор директор. Во месец септември 2009 година, по донесувањето на одлука од Управниот одбор, распишан е конкурс за избор на два директора (едно лице од областа на медицинските науки и едно лице од областа на економските науки). И покрај тоа што целокупната документација за избор на наведените лица се доставени до Министерството за здравство на 05.10.2009 година, со обврска во рок од 30 дена да се донесе решение, до денот на известување за извршената ревизија не е извршено именување на наведените лица. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите кои упатуваат на избор на директор и на втор директор, односно на член 137 и 137-в од Законот за здравствена заштита.

Непостапувањето од надлежните органи во согласност со законите предизвикува актите и финансиските документи од надлежност на директорот да се потпишуваат само од едно лице, што согласно Законот за здравствена заштита имаат третман како

и да не се потпишани односно влијае врз законското работење на субјектот и создавањето на веродостојни и уредни документи кои претставуваат основ за искажаните промени во деловните книги.

Во текот на 2010 година донесени се измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита при што Јавната установа спаѓа во ЈЗУ со кои раководи едно лице. За таа цел во текот на месец октомври повторно е распишан конкурс за избор на еден директор, но до денот на известување за извршената ревизија повторно од надлежниот министер не е донесено решение за именување на директор.

Во прилог на забелешките раководителот на субјектот достави Решение за разрешување на вршител на должноста директор на ЈЗУ Псхијатриска болница „Скопје“ – Скопје заведено под број 10-2454/1 од 21.02.2011 година и Решение за именување на директор на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје заведено под број10-2456/1 од 21.02.2011 година.

3.2.4. Во известувачкиот период Јавната установа пристапила кон склучување на договори за волонтирање со 12 лица од кои 5 психолози, 6 хигиеничари и 1 болногледач. Со извршениот увид во начинот на ангажирање на волонтерите и одредбите во наведените договори ревизијата ги констатира следните состојби:

- во договорите недостасуваат некои од основните елементи кои треба да ги содржат (не е наведен законскиот основ од кој произлегува самиот договор (вовед); местото на волонтирање; волонтерските активности или услуги кои се обезбедуваат; посебните права и обврски, итн);
- за лицата ангажирани како волонтери/хигиеничари ревизијата не обезбеди разумно уверување дека истите се ангажирани во согласност со наведениот закон и остварување на целите за кои истиот е донесен. На лицата им се исплатува надоместок повисок од законски пропишаниот надоместок (15% од просечната плата во РМ), нивниот број е променлив во текот на годината и за истите е исплатен бруто износ од 308 илјади денари;
- Јавната установа на ревизијата не и презентираше програма за волонтирање;
- Јавната установа не пополнува волонтерска книшка и не води евиденција за извршената волонтерска работа за сите ангажирани волонтери.

Горенаведените состојби не се во согласност со член 6; 10; 14; 19 и 20 од Законот за волонтерство и предизвикуваат неможност од следење на волонтерската работа и ангажирање на лица за цели кои не се во рамките на законот.

Во прилог на забелешките раководителот на субјектот достави предлог „Програма за ангажирање на волонтери во ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје“, која управниот одбор треба да ја усвои.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење и управување со Јавната установа да го преиспитаат воспоставениот начин на ангажирање на волонтери и да ја воспостават потребната евиденција за наведените лица.

3.2.5. Јавната установа нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност член 29 и член 30 од Закон за Јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Јавната установа нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Јавната установа, во актите за систематизација на работните места да предвидат и да воспостават Единица за внатрешна ревизија.

3.2.6. Централната пописна комисија за извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските и утврдените разлики кусоци и вишоци со состојба на 31.12.2009 година издава Извештај и го доставува до надлежниот орган. Со извршената ревизија на на начинот на извршениот попис, превземените активности по истиот, и содржината на наведениот извештај ревизијата ги констатира следните состојби:

- не е извршен попис на залиха на лекови и медицински потрошен материјал во аптеката во „екстархоспиталата Кисела Вода“ и лековите и медицинскиот потрошен материјал на одделенијата во Јавната установа, со што се оневозможува потврдувањето на реалноста и објективноста на податоците

презентирани во финансиските извештаи во износ од 1.818 илјади денари.

- не е извршен попис на залихата на храна и прехранбени производи во просториите каде се подготвуваат дневни оброци за болничко згрижените, со што се оневозможува потврдувањето на реалноста и објективноста на податоците презентирани во финансиските извештаи во износ од 326 илјади денари;
- не е извршен попис на нафтени деривати и воедно состојбата на нафтените деривати не е искажана во деловните книги и финансиските извештаи;
- извештајот не ги содржи потребните податоци за извршениот попис на земјиштето, градежните објекти и долгогодишните насади, освен формулацијата „комисиите не констатираа разлики помеѓу пописната и книговодствената состојба“ и податоци за утврдените кусоци/вишоци;
- во делот на извештајот кој се однесува на пописот на побарувањата и обврските и поднесениот предлог за отпис на побарувањата (182.940 илјади денари побарувања од Министерството за здравство на Република Македонија; 178.333 илјади денари од Подрачните служби на ФЗО; 1.959 илјади денари од Основни и Апелациони судови и 99 илјади денари од граѓани и други организации), ревизијата не се увери дека пописната комисија ги превземала потребните активности за документирање на превземените мерки за наплата на ненаплатените побарувања.

Наведените состојби не се во согласност со член 21 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и имаат за ефект неможност од нецелосно потврдување на реалноста и објективноста на средствата, целосноста на побарувањата и намалување на ликвидноста и солвентноста на Јавната установа и квалитетот на финансиските извештаи.

Во прилог на забелешките раководителот на субјектот достави предлог „Политики за начинот на постапување и документирање на работата на пописните комисии“, кои е потребно управниот добор на јавната установа да ги усвои.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на Јавната установа да пристапат кон донесување на политики за начинот на постапување и документирање на работата на пописната комисија и обезбедат нивна имплементација.

## 3.3. Финансиски извештаи

***Биланс на состојба***

3.3.1. За извршување на дејноста, Јавната установа воспоставила материјална евиденција на залихите на лекови, медицински потрошен материјал, прехранбени производи, нафтени деривати итн. чиј долговен промет во текот на известувачкиот период изнесува 67.884 илјада денари. Со извршената ревизија на начинот на набавката, приемот, издавањето/дистрибуцијата, сметководствената евиденција и известувањето за состојбата на залихите, ревизијата ги утврди следните состојби:

- не се утврдени политики и процедури за начинот на набавката, приемот, издавањето/дистрибуцијата и известувањето за нивната состојба;
- воспоставена е пракса приемот на фактурите од страна на економските оператори да се врши во аптеката, без истите да бидат доставувани и архивирани во архивата на Јавната установа;
- приемот на лекови и медицински потрошен материјал во аптеката и на прехранбените производи не се врши во присуство/верификување на/од членови од комисија формирана за таа намена, согласно одлуката донесена од Управниот одбор на Јавната установа;
- фактурите од аптеката до сметководството се доставуваат еднаш месечно односно на крајот на месецот, а месечната евиденцијата на приемниците и издатниците се врши по пат на нивно превземање (оваа активност ја извршува софтверската апликација) и евиднција со еден налог за книжење;
- не се презентирани записник и извештај изготвен од страна на комисијата за делење, баждарење и контрола на метадон (еднаш месечно и по потреба) формирана со одлука од Управниот одбор;
- во документот „издатница“ за издавање на лекови и медицински потрошен материјал од аптеката до соодветните

одделенија не се внесуваат цените; не се презентирани податоци за доставени спецификации со цени од понудите на избраните економски оператори до одделенијата; ниту во компјутерските апликации за изработка на пресметките на одделенијата се врши навремено усогласување/внесување на цени на лековите и потрошниот медицински материјал, кое предизвикува изготвувањето на пресметките да се врши по цени кои не ја одразуваат реалната состојба (повисоки или пониски од набавната);

- при евидентирањето во деловните книги на приемот и издавањето на прехранбени производи, нафтени деривати и сл. се врши промена на постоечкиот број на приемница/издатница со рачно доделување на нов број од страна на лицата кои ги водат деловните книги;
- не се задржува примерок во кочаните на приемници/ издатници, а примерокот од истите кој останува во магацинот се чува во регистратор, заради што е оневозможено утврдување на целосноста на изготвените приемници/ издатници и следење на промените на залихите по истите.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, интерните акти донесени од надлежните органи и одредбите на самите договори и имаат за ефект ненавремено и хронолошко евидентирање на настанатите промени во деловните книги; неможност од потврдување на правилноста во делот на пресметување и фактурирање на извршените услуги; можност од злоупотреба на залихите и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

До денот на известување од извршената ревизија, Јавната установа достави докази за усогласување на начинот на постапување во делот на утврдените состојби во магацинот за прехранбени производи и нафтени деривати.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе мерки за пропишување на политики и процедури за начинот на прием, издавање и известување за состојбата на залихите и начинот на изготвување на пресметките за извршените здравствени услуги.

3.3.2. Во деловните книги со состојба 01.01.2009 година евидентирани се почетни состојби на набавната вредност на Земјишта во износ од 545 илјади денари и на Градежни објекти во износ од 193.876 илјади денари. Со извршената ревизија на начинот на презентирање, документирање и вреднување на наведените постојани средства, ревизијата го утврди следното:

- земјиштето е искажано во збирен износ без податоци на која локација истото се наоѓа и големината на површината;
- пописната комисија не превземала активности за усогласување на сметководствената со фактичката состојба на земјиштето и градежните објекти и покрај тоа што на 25.09.2008 година од страна на Државниот завод за геодетски работи на Република Македонија – Сектор за премер и катастар издадени се повеќе решенија за наведените недвижности, што би претставувале основ за нивно запишување во јавните книги;
- до денот на ревизијата не е извршено запишување на земјиштето и на градежните објекти во јавните книги;
- не е извршено ревалоризирање на вредноста на земјиштето/односно утврдување на пазарната цена на чинење на земјиштето согласно податоците добиени од општинската администрација на чија територија се наоѓа земјиштето;
- не се презентирани уредни и веродостојни документи за дел од градежните објекти со евидентирана набавна вредност, кои се однесуваат за недвижностите во „Пролет/Тутунски комбинат“ од 31.12.2000 година и за „Диспанзер/Млин балкан“ од 30.06.2006 година.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на: Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници; член 19 до 32 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници; Законот за катастар и Законот за сопственост и други стварни права и има за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните средства, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

До денот на известување од извршената ревизија Јавната установа презентираше Одлука за формирање на Комисии за попис на средствата, побарувањата и обврските на Јавната установа со состојба на 31.12.2010 година, меѓу кои и Комисија за попис на недвижни ствари (градежни објекти и земјиште).

Во прилог на забелешките раководителот на субјектот достави копија од новообезбедениот имотен лист за градежните објекти заведен под број 1105-55269/2011 од 22.03.2011 година и друга пропратна документација.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Јавната установа да ги задолжат одговорните лица за:

- документирање и запишување на земјиштето во надлежниот регистар;
- утврдување на пазарната вредност на земјиштето и евидентирање во деловните книги, и
- вршење на правилен и целосен попис.

3.3.3. За подготвување и дистрибуција на храна (дневно по три оброци) за осигурениците кои се болнички згрижени во Јавната установа постојат две кујни (кујна во кругот на болницата и кујната во екстрахоспиталата[1] во Кисела Вода). Начинот на приготвување на дневните оброци не е уреден со одредени нормативи и усогласен со бројот на згрижените лица. Исто така не е воспоставена соодветна евиденција на потрошените прехранбени артикли согласно бројот на дневно доставените оброци од кујните до одделенијата. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за Јавна внатрешна финансиска контрола и воспоставената добра пракса што создава несигурност во потврдување на точноста на прикажаниот излез на залихите/искористените прехранбени продукти од магацинот во кујните во износ од 10.676 илјади денари во билансот на состојба на 31.12.2009 година и можност од неовластено располагање со истите од страна на поединци.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Јавната установа да превземат мерки за пропишување на критериуми/нормативи на потребните видови и количини храна за приготвување на оброци во кујните.

[1] Организациона единица

3.3.4. Со ревизија на искажаните побарувања/приходи во деловните книги на Јавната установа, по основ на извршени здравствени услуги од специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита утврдени се следните неправилности:

- за извршените лабораториски услуги на пациентите во текот на 2009 година и понатаму, се врши фактурирање по шифри и цени од Ценовникот од 1992 година, а не по утврдените референтни цени во Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита во сила од 06.01.2009 година и изменувањето и дополнувањето на одлуката за утврдување на референтни цени на сервисните услуги кои се користат во болничката здравствена заштита во сила од 26.02.2009 година;
- се фактурира потрошениот материјал употребен при вршење на лабораториските услуги, што не е согласно на член 2 од Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита од 06.01.2009 година, во која е наведено „референтната цена ги опфаќа трошоците за услугата на здравствените работници – ... трудот на здравствените работници - тимот кои ја извршуваат услугата, ... режиските трошоци, лековите и медицински потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата“. Освен непримenувањето на референтните цени по одлуката се фактурира по цени различни од набавните;
- постојат разлики помеѓу референтните цени за лековите и потрошните медицински материјали определени од страна на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, цените во спецификациите од понудите од избраните економски оператори и цените искажани во пресметките/фактурите за дадените здравствените услуги.

Наведените состојби имаат влијание врз точноста и комплетноста на искажаните побарувања и приходи по овој основ и влијаат на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење и управување со Јавната установа да превземат мерки кои ќе овозможат фактурирањето на извршените услуги да се врши врз основа на важечките законски и подзаконски акти.

3.3.5. За да се обезбедат/прибават достатни и соодветни податоци за усогласување на обврските искажани во билансните позиции, ревизијата постапувајќи во согласност со МСР 505 Екстерни конфирмации и реден број 154 од Правилникот за ревизорските стандарди за државната ревизија, пристапи кон екстерно конфирмирање на комитентите на Јавната установа. За таа намена беа испратени 7 конфирмации за усогласување на побарувањата и 12 конфирмации за усогласување на обврските. Од вкупно испратените 19 конфирмации до исто толку комитенти добиени се 8 одговори, што претставува 42% од вкупно испратените, од кои 6 се потврдени односно 75% од пристигнатите, а 2 не се потврдени односно 25% од пристигнатите додека 11 воопшто не одговорија што претставува 58% од испратените конфирмации. Наведената состојба оневозможува да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

Во прилог на забелешките раководителот на субјектот достави предлог „Политики за начинот на постапување и документирање на работата на пописните комисии“ и копија од извршеното усогласување на меѓусебните побарувања и обврски со состојба 31.12.2010 година.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на Јавната установа да извршат донесување на наведената политика и да обезбедат соодветно имплементирање во насока на континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои имаат деловна соработка (комитентите).

***Биланс на приходи и расходи***

3.3.6. Надлежните органи за управување и раководење со Јавната установа не превземале мерки и активности за пропишување на политики и уредување на начинот на постапување, евидентирање и контрола на паричните средства наплатени во готово по основ на: извршени здравствени услуги на пациенти здравствено неосигурани; реализирани здравствени услуги на пациенти од странство; учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга кои амбулантски се лекуваат/партиципација. Со ревизијата на начинот на

потврдување и документирање на овој процес, уплатувањето на наплатените средства кај носителот на платен промет и нивното евидентирање во деловните книги, ревизијата го констатира следното:

- не се врши задолжување и не е воспоставена соодветна евиденција на издадените парагон блокови (потврди за наплатена партиципација), со што е оневозможено потврдувањето на фактичкиот број на издадени и искористени парагони;
- на крајот на известувачкиот период не се врши попис и утврдување на фактичката состојба на задолжени, потрошени и непотрошени парагон блокови;
- не е воспоставена пракса на верификација/потпишување од страна на осигурените лица во изготвениот документ/пресметка за висината на партиципацијата;
- не се одложува/задржува еден примерок од потврдите во самите парагони, од изработените три еднообразни примероци со ист број, со што би се овозможила контрола и воспоставила комплетна, хронолошка и ажурна евиденција на пресметаните и наплатените парични средства во готово;
- не се врши редовно и навремено уплатување на наплатени средства во носителот на платниот промет, односно воспоставена е пракса наплатените средства да се акумулираат до определениот благајнички максимум па потоа да се уплатуваат на сметката на Јавната установа;
- не секогаш (во сите екстрахоспитали) се евидентираат деновите кога фискалниот апарат е во неисправна состојба, односно не се води потребната евиденција која би овозможила потврдување на наплатените средства;
- во дел од „екстрахоспитали“ не е воспоставена пракса за континуирано водење на дневни фискални извештаи во известувачкиот период (дел започнуваат да водат од месец април, некои од месец септември итн.);
- не е воспоставена евиденција на пресметаната а ненаплатена партиципација, односно се врши евиденција само на наплатената партиципација;
- не се превземени активности за потврдување и усогласување на пресметаната партиципација, искажана во фактурите со износите на уплатените парични средства во благајна односно сметката на Јавната установа;

- обврската за пресметка и наплата на парични средства на име партиципација и располагање со паричните средства за медицинскиот персонал не е систематизирано и уредено со актот за организација и систематизација на работните места во Јавната установа.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за платниот промет, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за Јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за регистрирање на готовинските плаќања и има за ефект неможност на потврдување на точноста на наплатените и уплатените средства во готово по сите основи во износ од 904 илјади денари, комплетноста на приходите во финансиските извештаи и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

Во прилог на забелешките раководителот на субјектот достави предлог „Политики за начинот на постапување, евидентирање и контрола на паричните средства наплатени во готово по основ на извршени здравствени услуги, на пациенти здравствено неосигурани, извршени здравствени услуги на пациенти од странство, учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга (за амбулантски прегледи)-партиципација“, кои е потребно управниот добор на јавната установа да ги усвои.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Јавната установа да превземат активности за:

- донесување на политики за начинот на постапување со наплатените средства во готово и нивно континуирано/навремено уплатување во носителот на платниот промет;
- вршење редовен попис на задолжените парагон блокови и нивно усогласување (задолжени, искористени салдо);
- воспоставување на евиденција на пресметана и ненаплатената партиципација.

## 3.4. Користење на средствата согласно законските прописи

3.4.1. Болницата во текот на 2008 и 2009 година има спроведено повеќе постапки за јавна набавка на стоки врз основа на донесени одлуки за јавни набавки во вкупен износ од 131.750 илјади денари, при

што се констатирани состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, и тоа:

- за износ од 32.268 илјади денари, надлежните органи не превземале активности за донесување одлуки за изменување и дополнување на одлуките за јавна набавка, во услови кога:
  - извршиле избор и склучиле договори за јавна набавка за стоки кои не се наведени во основната одлука за јавна набавка а се содржани во тендерската спецификација и
  - се врши поништување на постапката за јавна набавка и за истиот предмет на набавка спровеле нова постапка за јавна набавка заведана со истиот архивски број од поништената постапка за јавна набавка (преглед број 1),
- за износ од 31.425 илјади денари, не е обезбедено правилно постапување на Комисијата за јавни набавки при евалуација на понудите, согласно критериумите за доделување на договори за јавна набавка (преглед број 2).

Со измените и дополнувањата на Законот за здравствено осигурување во 2007 година, болниците во 2008 година и понатаму, имаат обврска самостојно да вршат доделување на договорите за јавна набавка меѓу другото и на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување. За оваа активност во текот на 2008 година од страна на Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство, добиени се насоки за начинот на постапување во постапките за набавка на лекови. Имено, укажано е на обврската јавната установа да склучи договор за јавна набавка на лекови, но со веќе избраните понудувачи и склучени договори за јавни набавки (која е спроведена со постапката за јавна набавка на лекови со меѓународен ограничен повик спроведена од страна на самиот Фонд) како и превземање на активности за набавка на лекови по пат на непосредно преговарање за позициите/лековите кои се поништени во постапката за јавна набавка на лекови спроведена со меѓународниот ограничен повик од страна на Фондот.

За оваа намена во 2008, 2009 и 2010 година донесени се повеќе одлуки за јавни набавки во вкупен износ од 68.057 илјади денари (прегледи број 3 и 4), за кои не е обезбедено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради тоа што:

- не е извршена измена и дополнување на Планот за јавни набавки за 2008 година и не е донесена одлука за јавна набавка

на лековите за склучените договори за јавни набавки од страна на јавната установа со избраните понудувачи;

- рокот на важење на договорите за јавни набавки склучени од страна на јавната установа со веќе избраните понудувачи од страна на Фондот, е подолг од рокот на важност определен во првично склучените договори за јавни набавки од страна на Фондот (до 31.07.2008 година);
- прилозите (спецификациите на лековите) составен дел на договорите за јавни набавки склучени од страна на јавната установа не се потпишани, а истите преставуваат основа за фактурирање на набавените лекови, што не е во согласност на одредбите на самите договори за јавна набавка;
- вкупните износи на договорите за јавна набавка, склучени врз основа на одделно спроведени постапки за јавна набавка на лекови, извршено е надминување на износот од одлуките за јавни набавки, при што не се донесени пооделни одлуки за измена и дополнување на одлуките за јавна набавка за разликата во износите; и
- за спроведените постапки за јавна набавка на лекови кои произлегуваат од Планот за јавни набавки за 2009 година спроведени се повеќе постапки за јавна набавка со ист предмет на набавка/набавка на лекови и иста спецификација како дел од тендерската документација за доделување на договор за јавна набавка на лекови, односно се врши делење на набавките.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од членовите 26, 27, 28, 140 и 142 од Законот за јавни набавки и одредбите на договорите за јавна набавка. Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

Во прилог на забелешките раководителот на субјектот достави предлог „Политики за начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки и воспоставување на контроли за нивно следење како и следење на доделените договори за јавни набавки“, кои е потребно управниот добор на јавната установа да ги усвои.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на договорниот орган да превземат мерки за донесување и имплементација на процедури за начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавните набавки и воспоставување на контроли за нивно следење како и следење на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.2.2.; 3.2.6.; 3.3.1.; 3.3.2.; 3.3.3. и 3.3.6.; е: несигурност во потврдувањето и евидентирањето на вкупните обврски на име прекувремена работа/дежурства; неизвршен попис на залихите на лекови и медицински потрошен материјал, залиха на прехранбени производи, нафтени деривати и потврдување на сметководствената со фактичката состојба; неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на земјиштето и градежните објекти; не извршена ревалоризација на земјиштето и несодветно постапување со наплатените парични средства на име партиципација.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење - за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2.2.; 3.2.6.; 3.3.1.; 3.3.2.; 3.3.3.; 3.3.4. и 3.3.6.; ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Психијатриска болница„Скопје“ Скопје на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 3.2. до 3.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Психијатриска болница„Скопје“ Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 39 од Уставот на Република Македонија и член 32 од Законот за здравствената заштита загарантирано е правото на здравствена заштита и пропишани се мерките и активностите во делот на здравствената заштита. Во постапките на планирање, усогласување и донесување на поделните програми од страна на надлежното

министерство и надлежниот орган (Владата на Република Македонија) се планираат/утврдуваат средства кои не ги одразуваат реалните потреби односно не се доволни за подмирување на трошоците направени за спроведување на потребните активности и давање на загарантираните здравствени услуги. Оваа состојба влијае во Министерството за здравство да се акумулираат непријавени обврски извршени согласно законот и програмите, а од друга страна ЈЗУ континуирано не можат да извршат наплата на извршените здравствени услуги.

Ваквата состојба предизвикува во известувачкиот период Јавната установа да има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство средства во износ од 65.490 илјади денари **што преставува 77% од извршените услуги**, додека за известувачкиот период во 2010 година со писмо број 09-19/1 од 03.01.2011 година и 09-11337/1 од 31.12.2010 година вратени се фактури во износ од 39.485 илјади денари.

Министерството за здравство да ја оцени потребата од преиспитување на постојниот систем на здравствена заштита и одобрување и утврдување на средствата во поделните програми во износи кои се еднакви на потребните за обезбедување на загарантираните права на здравствена заштита и надоместување на услугите извршени од јавните установи.

Во Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2011 година и Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2011 година, предвидени се само дел од средствата за подмирување на превземените обврски од 2010 година.

5.2. Со одредбите на Законот за здравствена заштита се уредуваат правата на здравствена заштита на граѓаните и системот и организацијата на здравствената заштита во Република Македонија односно се дефинираат видовите на здравствени установи кои вршат здравствена дејност во Р.М. Одредбите на член 68-а упатуваат дека Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија се јавува како купувач на здравствените услуги од здравствените установи, а во интерес на осигурените лица. За оваа цел надлежните органи за управување и раководење со фондот донесуваат повеке подзаконски акти со кои ги утврдуваат критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги кои ги пружаат здравствените установи на осигурените лица во болничката здравствена заштита на товар на средствата за задолжително здравствено осигурување и критериуми за утврдување на буџетот за обезбедени здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи за болничка здравствена заштита. Врз основа на наведените акти и преостанатите акти донесени од надлежните органи во Фондот, на 21.01.2009

година склучен е договор помеѓу Фондот и Јавната установа за извршување и плаќање здравствени услуги во болничката здравствена заштита.

Со одредбите на наведениот договор се уредени правата и обврските на договорените страни, вклучувајќи го и начинот на фактуирирање на извршените услуги и начинот на плаќање на извршените услуги, вклучувајќи ја и обврската за примена на методата на ДСГ (дијагностички сродни групи).

Ревизијата констатира дека во суштина нема вистинско купување на извршените здравствени услуги, финансирањето се врши во рамките на утврдени буџетски плафони по пат на пренесување на 1/12 од одобрените средства, без притоа да се обезбеди примена на ДСГ методата, не се врши потребната ex-ante и ex-post контрола, не се применуваат пропишаните критериуми за надоместување (фиксниот и променливиот дел) пред се во следење и утврдување на остварените цели.

Утврдената состојба влијае Јавната установа континуирано да искажува поголем обем на извршени здравствени услуги, но поради улогата и местото на Фондот во здравствениот систем приморани се да ги отпишуваат побарувањата за зголемениот обем на здравствени услуги.

Во известувачкиот период Јавната установа **има извршено здравстени услуги над утврдениот плафон во износ од 40.415 илјади денари**, кои се очекува во наредниот период како и во претходните периоди да бидат отпишани.

Непризнаените здравствени услуги од страна на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија преставуваат 41% од вкупните приходи презентирани во финансиките извештаи на Јавната установа за 2009 година и имаат влијание врз ликвидноста и солветноста на Јавната установа.

Надлежните органи за управување и раководење во Јавната установа во соработка со надлежните органи во ФЗОМ и надлежните министерства и Владата на Република Македонија да превземат мерки и активности за преиспитување на воспоставениот начин на финансирање на здравствените услуги и надоместување/купување на реално извршените здравствени услуги, односно за оние ЈЗУ кои не се во состојба да го извршат утврдениот вид и обем на здравствени услуги прилагодување на законската регулатива која ќе го дефинира националниот интерес за финансирање на одредени ЈЗУ и покрај тоа што истите не се во состојба да извршат услуги во потребниот вид и обем.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Јавната установа располага со две болнички аптеки кои согласно Правилникот за организација и систематизација, се организациони единици/поставени на исто организациско ниво (единици во состав на оддели) иако приемот на набавените, донираните и по програми добиени, лекови и медицински потрошен материјал се врши само во болничката аптека во кругот на болницата. Од оваа аптека се врши издавањето за сите одделенија па и за одделенијата во Кисела вода преку единицата аптека која е во состав на Центарот за зависности Кисела вода. Двете аптеки се во функција на вршење на дејноста на Јавната установа и во истите се реализира прием, сместување, чување, издавање на лекови и медицински потрошен материјал. Истите работат без издадено Решение за вршење на фармацевтска дејност од надлежен државен орган, односно нема извршено регистрирање на таа дејност во соодветниот регистар при Централен регистар на РМ.

Одредбите на Законот за здравствена заштита (член 95 и 111) како и Законот за лекови (член 82), упатуваат и го уредуваат начинот на работење на аптеките како самостојни здравствени установи, а не и аптеки кои се во состав на Јавната здравствена установа, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на Јавната здравствена установа.

Заради наведеното ревизијата смета дека Јавната установа треба да превземе активности за преиспитување на сегашната организациона поставеност на аптеките а во соработка со надлежните органи, да извршат преиспитување на постојната законска регулатива и предложат нејзино менување или дополнување.

6.2. Во тек се судски постапки во кои Јавната установа е тужена страна (по разни основи-долг, утврдување на право на сопственост, надомест на штета, поништување на одлука за откажување на договор за вработување, распоредување и отказ) чија вредност на тужбените барања изнесува 5.397 илјади денари и чиј исход ќе има влијание на износот на обврските искажани во деловните книги.

Скопје, 12.05.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | - | 19 |
| Неданочни приходи | 4.342 | 10.920 |
| Трансфери и донации | 237.145 | 256.224 |
| **Вкупно приходи** | **241.487** | **267.163** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 159.258 | 133.068 |
| Стоки и услуги | 77.877 | 89.629 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | - | 382 |
| Каматни плаќања | 7 | 264 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **237.142** | **223.343** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1.712 | 12.798 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1.712** | **12.798** |
| **Вкупно расходи** | **238.854** | **236.141** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **2.633** | **31.022** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 69 | 232 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **2.564** | **30.790** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 2.655 | 31.055 |
| Побарувања | 110.591 | 569.826 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 116 | 214 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 609 | 628 |
| Побарувања од вработените | 75 | 100 |
| Финансиски и пресметковни односи | 7 | - |
| Активни временски разграничувања | 38.770 | 30.543 |
| Залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар | 3.779 | 3.618 |
| **Вкупно тековни средства** | **156.602** | **635.984** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 296 | 296 |
| Материјални добра и природни богатства | 545 | 545 |
| Материјални средства | 116.140 | 116.342 |
| Материјални средства во подготовка | 384 | 713 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 14 | 307 |
| **Вкупно постојани средства** | **117.379** | **118.203** |
| **Вкупна актива** | **273.981** | **754.187** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 25.041 | 18.780 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 86 | 203.224 |
| Краткорочни финансиски обврски | 1.037 | 881 |
| Обврски спрема државата и други институции | 161 | 133 |
| Финансиски и пресметковни односи | - | 311 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 15 | 102 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 12.516 | 9.608 |
| Пасивни временски разграничувања | 113.967 | 378.923 |
| **Вкупно тековни обврски** | **152.823** | **611.962** |
| **Долгорочни обврски** | **296** | **281** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 120.862 | 141.944 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **120.862** | **141.944** |
| **Вкупна пасива** | **273.981** | **754.187** |

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА ВО 2009 ГОДИНА

| Ред. Бр. | О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (Зал. на мат., рез. делови, сит. инв. и хартии од вредн.) | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 5 (2+3) |
| I | **Состојба на ден 01 јануари 2009** | **138.326** | **3.618** | **141.944** |
| | **Зголемувања:** | **23.950** | **65.396** | **89.346** |
| | Набавка на постојани средства | **1.918** | - | 1.918 |
| | донации-аптека | 203 | 1.215 | 1.418 |
| | донации-магацин | | 1.670 | 1.670 |
| | набавки од сопствени извори | 1.715 | 62.511 | 64.226 |
| | корекции по разни основи | **168** | - | 168 |
| | Ревалоризација на мат. и нем. средства | 8.398 | - | 8.398 |
| | Ревалоризација на амортизацијата | 4.934 | - | 4.934 |
| | Вишок по попис | 24 | - | 24 |
| | Останати зголемувања | 18.376 | - | 18.376 |
| | | 162.276 | 69.014 | 231.290 |
| | **Намалувања:** | **45.192** | **65.236** | **110.428** |
| | Амортизација на постојани средства | 5.820 | | 5.820 |
| | излез од магацин | | 65.233 | |
| | Кусок по попис | 1 | 3 | 4 |
| | расход по попис | 121 | | 121 |
| | отпис на застарени побарувања од претходни години по одлука од УО | 37.750 | | 37.750 |
| | Останати намалувања (заради усогласување со конто 198 и 220) | 1.500 | | 1.500 |
| II | **Состојба на ден 31. декември 2009** | **117.084** | **3.778** | **120.862** |

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
„ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА "СКОПЈЕ"
Бр. 03-438
04-04 2011 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Примено: 06.04.2011
13-437/1

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
*С к о п ј е*

**ИФОРМАЦИЈА**
**ПО ДОСТАВЕНИОТ НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2009 ГОДИНА**

**Точка 1.1**
Договорите за извршување на повремени и привремени работи се вршат согласно ЗОО и траат кратко а се наменети за завршување на одредени работи, и истите не преставуват работен однос туку граѓанско правен однос и работодавачот нема потреба од вакви вработувања туку има потреба од завршување на одредена работа.
Болницата не врши вработување, туку лицата ги ангажира за завршување на одредени работи што впрочем е предвидено во ЗОО.
**Точка 1.2**

Во Правилникот за водење на сметководството на буџетите и буџетските корисници е наведено дека буџетските корисници **според своите потреби** ги расчленуваат основните сметки од сметководствениот план на аналитички или субаналитички сметки(конта).
Не расчленувањето на Приходите по основ на програмите на субаналитички картици не значи дека евиденцијата на задолжување на фактурите и раздолжувањето по извршеното плаќање, е спротивно на цитираниот Правилник за водење на сметководството.
Расчленувањето на фактурирањето и наплатата по Програмите би имало смисол само до колку постои срамнување(усогласување) на книговодствените евиденции помеѓу два правни субјекти.Со оглед на фактот што во книговодството на Министерството за здравство не се види евиденција со која би можеле да се сравниме за да се констатираат нашите побарувања по основ на секоја Програма, поради што не сме ја вовеле оваа субаналитичка евиденција.Од самата картица може да се утврди според шифрите од шифрарникот , колку средства се примени од едната ,а колку од другата програма.
За тоа колкав е бројот на дадени услуги на одделите за душевно болни, а колкав на одделите за зависности со посебни програми од информациониот систем по потреба може да се извлечат податоци за разни други анализи.

**Директорот на болницата согласно Вашето укажување му наложи на одделението за сметководство да воведе субаналитичка евиденција по основ на секоја Програма .**

**Точка 1.3**
Управниот одбор при донесување одлуки за формирање комисии ке направи прецизирање на работните задачи во смисол на препораките во ревизорскиот извештај .
**Точка 1.4**
Болницата превзема мерки по препораките во наведената точка И изготви процедура за постапување И архивирање проследување И одложување на архивска граѓа во која е утврдено непречено функционирање во целост во приемот И хронолошко евидентирање кое впрочем аривата И го правеше но ревизијата стекна таков впечаток поради тоа што одделни поднесоци(фактури) се чуваа по организациони единици и се доставуваа подоцна во архивата на болницата. Согласно изготвените процедури сметаме дека ке биде надмината оваа состојба

**Прилог : Процедура за постапување ,архивирање проследување И одложување на архивска граѓа**

**Точка 2.2**
Во врска со становите болницата располага со правосилна пресуда за Становите но истата не беше побарана од ревизијата
**Прилог : правосилна пресуда**
**Точка 2.3**
Пресметаната ревалоризација за 2009 година е направена согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ,истата е изработена на компјутеска апликација и не значи дека вака пресметаната ревалоризација не е точна.
**Во прилог Ви ја доставуваме пресметаната ревалоризација и на обрсците РЕВ-1 и РЕВ-2** кои во текот на контролата не Ви беа презентирани каде што крајната вредност е идентична со компјутерската апликација.
и за 2010 година ревалоризацијата ја пресметавме покрај на компјутерска апликација и на обрасците РЕВ-1 И РЕВ- 2
**Точка 3.1.1**
Согласно вашите препораки болницата превзема активности И пропиша прцедури за начинот на набавки, плакања И евидентирања на влезни фактури и систем на залихи
**Доказ: Прцедури за начинот на набавки, плакања и евидентирања на влезни фактури и систем на залихи**

**Точка 3.1.2, 3.1.4**

Изработените фактури за пружените здравствени услуги што се изготвуваат (без наведување на бр.на пресметката ,а со наведување на број на фактурата),се прифатени од контролорите во Фондот за здравствено осигурување- Подрачна служба Скопје, од причина што задолжувањето во сметководството на Фондот и во сметководството на болницата се прави на основа на бројот од фактурата.Оние фактури кои не се во согласност со Правилниците на ФЗОМ и важечките ценовници,се враќаат назад во

болницата за корекција или директно Фондот ги корегира и намалува и за истото писмено не известува за сторнирањето на повеќе искажаните услуги.

За фактички реализираните здравствени услуги на крај на деловната година(во случајов 2009 год.), се составува записник како за фактурираниот износ така и за платениот износ по основ на склучениот договор.Од тука произлегува дека контролата во однос на фактурите ја спроведува ФЗОМ - Подрачна служба Скопје,а со усогласувањата утврдени записнички **се потврдува точноста и комплетноста на искажаните побарувања.**
Во текот на контролата презентиран е е записник за усогласеност на побарувањата кон Фондот со состојба на 31.12.2009 година потпишан од овластено лице на Фондот и болницата.
Записникот беше презентиран на ревизијата.
**Во 2011 година внесен е апликативен програм во компјутерите каде што се работат пресметките за здравствените услуги со кој програм се внесени цените на лековите од последните актуени договори склучени со добавувачите за лекови.**

**Точка 3.1.3**

Постапувајќи по препораките на ревизорскиот извештај за пропишување на мерки и политики во врска со зачувување на податоците од сите одделенија и редовно ажурирање на цените по кои се прават пресметките за болнички услуги, контролни (мануелни или програмски) механизми за внесените и пресметаните податоци и по можност централно чување на податоците ги предлагам следните мерки и политики :

Распространетоста на базите на податоци по локалните компјутери и неможноста за пристап на компјутерите до една централна локација налага поставување на стабилна компјутерска мрежа и интернет на сите компјутери каде што се врши обработка на податоци за изработка на пресметки за болнички услуги, поточно компјутерската мрежа треба да ги опфати работните соби и една лекарска соба,приемна амбуланта и дежурна соба. Во контекст на ова треба да се напомене дека со поставувањето на локалната компјутерска мрежа треба да се задоволат барањата поставени од проектот **ИЗИС** (интегриран информатички здравствен cсстем). Исто така напоменувам дека компјутерската мрежа треба да ги опфати и (апотека,правна служба,сметководство, лабораторија,
статистика,стоматолошка амбуланта, магацинот и управната зграда), додека во сите екстра хоспитални објекти треба да се постави интернет мрежа по принцип патот на здравствената книшка.

Во поглед на зачувување на податоците од сите одделенија предлагам набавка на **6** (шест) **УСБ** со капацитет од **8** (осум) ГБ, и еден **екстерен хард диск** со капацитет оде **1** (еден) Тера бајти.

Во поглед на ажурирање на цените по кои се прават пресметките потребно е да се спроведат следните мерки :

Со секое трбување на оделенијата од апотека, апотеката треба да им издаде издатница.

Одделенската сестра задолжително треба прво да ги провери цените од издатницата со цените кои се внесени во компјутерот, и доколку има промена на цената задолжително прво да се искористи залихата по стара цена, потоа новата цена веднаш да се внесе во ценовникот па дури потоа да се почне со давање на препорачана терапија на пациентите.

Задплжително после печатењето на пресметките да се прави контрола на сите пресметки и внесените податоци како би се утврдила точноста на истите.

Задолжително е сите обработки од апликацијата да бидат изведени, и особено внимание да се обрне на архивирање на пресметките. Во случај да не се изврши архивирање се губи можноста од евиденција на услугите за тековниот месец.

Да се воспостави функција на заклучување на историските податоци во деловните книги.

Надворешната копија на сите податоци кои се користат во работењето преку набавка на **УСБ** диск и **екстерен хард диск** треба да се врши не само на податоците од одделенијата туку и на податоците од сметководственото работење, апотека, приемна амбулантаи кадрова евиденција. Надворешната копија треба да се врши најмалку еднаш неделно.

**Точка 3.3.5**

Согласно препораките за за наведената точка континуираното усогласување на побарувањата И обврските со правните лица со кои болницата има деловна соработка е пропиШано во изготвените политики по точка 3.2.6

**Точка 3.2.1**

Систематизацијата е во одредени делови сменета,
така да со новите измени И дополнувања на систематизација не постои повеке работно место ПомоШник по стручно медицински работи.

**Прилог Измени И дополнувања на Систематизација**

Во ревизорскиот извеШтај не е наведено за кои работни места се работи бидејки сметаме дека нема работни места кои не се предвидени ниту опиШани во систематизацијата.

Исто така наведуваме дека за несогласување на одредени работни места со коефициенти како и за коефициентите за раководење е доставувано писмено известување до синдикатот да бидат усогласени со потребите на работниот процес но синдикатот иако ги прифака нашите барања се со цел истите да бидат променети , сеуште работи со коефициенти кои ги утврдил пред 20 години при што болницата мора одредени коефициенти да ги прилагодува

**Доказ: писмено обраќање на болницата до синдикатот.**

Во однос на систематизирани работни места и бројот на нивни извршители недостасува во описот само работно место администратор кој соодветствива

со описот на работно место административен работник поради тоа што администратор и административен работник ја обавуваат истата задача и се мисли на исто работно место.

Договорите предвидени согласно законот ги исполнуваат сите елементи од ЗРО.
Имено описот за работно место е предвиден во систематизација и затоа во договорот е наведено согласно актот за систематизација , годишниот одмор е променлив согласно времето поминато на работа и затоа е наведено дека ќе се пресметува согласно Колективен договор, а доколку го утврдиме годишниот одмор во договорот за работа , договорите треба да се менуваат многу често исто и за платата бидејки на различни одделенија имаат разни услови за работа, а вработените се распоредуваат често спрема потреба за одделно одделение.
Но сепак болницата пристапи кон изработка на Анекс договори во кој ке ги утври сите елементи наведени во извеШтајот И всушност ке направи спојување на Договорот со решението во вид на Анекс кон договорот.
**Прилг Анекс Договор за вработување**

**Точка 3.2.2**
Во болница се изготви Одлука за пропишување И уредување на начинот на евидентирање, потврдување И пресметување на прекувремените саати во која се пропишани И уредени начинот на евидентирање, потврдување И пресметување на прекувремените саати и нивно прераспоредување.
**Прилог Одука начинот на евидентирање, потврдување и пресметување на прекувремените саати. И нивно прераспоредување**
**Точка 3.2.3**
Надлежното министерство донесе одлука за именување на директор во ЈЗУ Психијатриска болоница Скопје Скопје
**Прилог Одлука за именување**
**Точка 3.2.4**
Во болницата се изготви програма за ангажирање на волонтери И востанови евиденција на истите а волонтерси книшки има за волонтерите.
**Прилог: Програма за ангажиране волонтери**
**Точка 3.2.5**
Во измени И долонувања на статутот на болницата предвиде единица за внатрреШна ревизија И истиот го доставува на надлежното министерство за согласност. Оваа единица ја предвидуваме во Статутот на болницата поради тоа што истата треба да биде самостојна И да функционира како посебно одделение согласно законот а одделенијата се предвидени во Статутот а по согласноста на истиот ке биде предвидена во Систематизацијата со број на извршители И опис.

**Точка 3.2.6**

Извештајот на Централната пописна комисија за попис на средтвата побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2009 година ја изврши својата работа и достави извештај до Управниот одбор со образложение за пронајдените разлики помеѓу фактичката и книговодствената состојба со предлози за книжење на пронајдените разлики.

Во Одлуката за формирање на комисиите не е формирана и комисија за попис на потрошните материјали по одделенија ,служби ,единици,па од тие причини не е направен попис на лекови по одделенија и прехранбени производи во кујната.Во овој случај ако се прави попис на лекови по оделенија и прехранбени производи во кујната по истата логика треба да се направи попис и на затечениот канцелариски-административни материјали, хигиенските средства, и др потрошни материјали кои секојдневно се употребуваат по одделенијата. Потрошните материјали по одделенијата се за секојдневна употреба и брзо се трошат така што на истите нема значителни залихи кои би биле од важност за пописот .Надлежните органи за управување и раководене од постоењето на болницата никогаш немаат формирано посебна комисија за попис на потрошните материјали по одделенијата сметајки дека истите се занемарливи,туку формирале само комисија за попис на материјалите на залиха во главниот магацинот и залиха на лекови и др.потрошен медицински материјал во аптеката.
Во Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници не е точно определено дека треба да изврши попис на потрошниот материал и по одделенија.

За попис на нафата во котларата не е можно да се направи попис на залихата на нафта од причина што во резервоарите за нафта нема мерен инструмент за определување на количината на нафта во литри.За залихите на нафта во котлара се води интерна евиденција(книга) во мерна единица см. Оваа книга беше презентирана во текот на ревизијата.

Во однос на усогласувањето на побарувањата и обврските секоја година на крај од годината се врши усогласувања на побарувањата и обврските со испраќање на записници , известувања или опомени за побарувањата од купувачите и обврските кон добавувачите. Купувачите односно добавувачите или ја потврдуваат нашата книговодствена состојба или не,а на некои од истите немаме добиено никаков одговор. Ова го констатира и самата Ревизија односно дека од испратените конфирмации 11 воопшто не одговориле што претставува 58% од испратените конфирмации.
Прилог;Фотокопии од усогласувањата

Околу пописот на недвижностите на седницата на Управниот одбор на болницата кога се разгледуваше Извештајот на ЦПК за извршениот попис за 2010 година, се донесе заклучок со кој се задолжи правната служба да

превземе активности  за утврдување сопственоста  на недвижностите во катастарот и обезбедување на имотни листови  после кое би се обезбедиле документи за евидентирање во деловните книги.Овој процес ќе трае подолг временски период со оглед на судските спорови што се водат околу сопственоста на земјиштето.
Од надлежен орган во текот на 2010 година добиена е пазарната вредност на земјиштето.
Согласно вашите препораки болницата изготви Политики за на чинот на поистапување и документирање на работата на пописната комисија

**Доказ Политики за на чинот на поистапување и документирање на работата на пописната комисија**

**Точка 3.3.2**
Болницата обезбеди имотен лист  на недвижностите(зградите-градежни објекти) во болницата, досега таков немаше бидејки не беше востановена катастарска евиденција. За земјиштето неможе да добиемеимотен лист бидејки имаме судски спотови за истото
**Прилог Имотен Лист за болницата**
**Точка 3.3.6**
Во текот на контролата од страна на ДЗР , болницата превзеде   мерки  и активности  за начинот на постапување ,евидентирање и  контрола на паричните средтва наплатени во готово за наплатената партиципација за амбулантските прегледи,за наплатени средства  за приватно лекување.

1. На Управен Одбор донесено е Упатство за процесот на наплата, уплата од благајната и пренос на готовинските средства на сметката на болницата(Одука бр 02-402 од 16.04.2010 година)Оваа Одлука беше презентирана на Ревизијата.
2. Се изврши задолжување со парагон блок  со соответна нумерација на лицата кои наплатуваат партиципација или приватен преглед  за извршените здравствени услуги.За задолжувањата со парагон блок се воведоа магацински картици на кои може да се види кое лице од кој до кој број е задолжено со парагон блокот.(Прилог :Картица)
3. Се задолжија лицата редовно сами да ги уплатуваат собраните средство во банка и да задржуваат по еден примерок од потврдите во самите парагони.(Се напушти до сегашната пракса собраните пари во благајната да се праќаат преку нашите шофери кои со закаснување ги предаваа парите во благајната.).Прилог:Банков извод
4. Лицата кои наплатуваат партиципација се задолжија  да водат месечна евиденција за пресметаната наплатената,ненаплатена и уплатената партиципација и истата да ја достават до сметководството. (Прилог:Месечна евиденција)
5. Се воведоа аналитички картици по Одделенија за пресметаната и уплатената партиципација во банка.

За дел од превземените активносто во текот на ревизијатаа беа презентирани докази (картици за задолжување на лицата со кочаните-пресметки за наплатена партиципација,преглед за водење евиденција за пресметана,наплатена и уплатена партиципација).

Согласно вашите препораки болницата изготви Политики за начинот на постапување , евидентирање И контрола на паричните средства наплатени во готово

**Прилог: Политики за начинот на постапување , евидентирање И контрола на паричните средства наплатени во готово**

**Точка 3.4.1**

Болницата издотви процедури за начинот на планирање, спроведувањеи реализација на постапките за Јавни набавки И воспоставување на контроли за нивно следење И реализација на доделените договори за Јавни набавки

**Доказ: процедури за начинот на планирање, спроведувањеи реализација на постапките за Јавни набавки И воспоставување на контроли за нивно следење И реализација на доделените договори за Јавни набавки**

**Д И Р Е К Т О Р**
**Д-Р ИДРИЗ НЕЦИПИ,**
**психијатар**

**Одговор**
**на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Јавната здравствена установа Психијатриска болница „Скопје“ Скопје (во понатамошниот текст Јавна установа) на ден 06.04.2011 година достави забелешки по доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година заведени под број 13-437/1.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и по истата се произнесе како што следува:

1. Доставената забелешка на **точката 3.1.1,** кои се однесуваат на постоење ризик заради невоспоставена контрола, координација помеѓу надлежните организациони делови, разграничување на должностите, ненавремено евидентирање на залихите во сметководствената евиденција и соодветно вреднување и презентирање во финансиските извештаи **не преставува забелешка.** Законскиот застапник информира дека согласно дадените препораки од овластениот државен ревизор е донесена предлог Процедура за начинот на набавка, плаќања, евидентирање на влезните фактури и системот на залихи, која е во прилог на информацијата/забелешката, но истата не е архивски заверена и не е доставен акт/ писмо за нејзино доставување до управиот одбор заради усвојување. Оваа предлог Процедура содржи неколку делови и тоа: во делот А е даден опис на процесот на набавка на: лекови, медицински потрошен материјал, стоматолошки и лабораториски материјали; на стоки и работи; одобрување на порачката и начин на доставување, следење-реализација на договорите за јавни набавки, во делот Б е опишано евидентирањето на влезните фактури и плаќања, делот В се однесува на системот на залихи кој се состои од влез и излез на материјали – стоки во аптеката и магацинот, и начинот на вреднување на излезот на материјалите од аптека и магацин, а во последниот дел Г е опишан начинот на постапување со донации.
   Превземените активности од страна на законскиот застапник ќе бидат презентирани во Конечниот извештај а дадената препорака преформулирана во насока на усвојување на наведената процедура од надлежниот орган за управување.

2. Доставената забелешка на **точката 3.1.2,** кои се однесуваат на процесот на изработка и евиденција на пресметките и фактурите за извршени здравствени услуги, **<u>не преставува забелешка.</u>** Законскиот застапник не ја оспорува утврдената состојба за констатираните ризици за целосноста на изработените и искажаните фактури. Во самиот одговор се наведува дека се присутни појави во кој ФЗОМ или ги враќа дел од фактурите или пак ги корегира односно намалува што само по себе значи и потврдување на утврдената состојба од страна на ревизијата. За презентираниот записник на меѓусебните побарувања и обврски со ФЗОМ ревизијата утврди системска слабост и истата се однесува за начинот на подмирување на извршените здравствени услуги.

   Во делот на редовното ажурирање на месечно изработените пресметки и формирање на база на податоци, законскиот застапник информира дека во текот на 2011 година воведен е нов апликативен софтвер.

3. Доставената забелешка на **точката 3.1.3.,** кои се однесуваат на начинот на најавување/пристап до одредени софтверски апликации, начинот на архивирање (заштита на податоците) и заклучување на историските податоци, **<u>не преставува забелешка.</u>** Законскиот застапник информира за политиките и процедурите кои ги предлага за надминување на утврдените состојби. Имајќи во предвид дека доставените информации преставуваат само предлог но не и фактички превземени мерки и политики, истите не можат да бидат презентирани во Конечниот извештај како превземени мерки и политики од страна на надлежните органи на Јавната установа.

4. Доставената забелешка на **точката 3.2.1.**, кои се однесуваат на утврдените неправилности при распоредување на вработените по работни места, пресметувањето на бруто платите и нивната исплата **<u>не преставува забелешка</u>**. Законскиот застапник достави Правилник за изменување и дополнување на правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Јавната установа број 02-86 од 31.01.2011 година донесен од Управниот одбор. Со наведениот Правилник се менува називот на работното место „Помошник директор по стручно медицински работи“ во „Раководител на работна единица болница„. Воедно е наведено дека за неусогласување на одредени работни места со коефициентите како и коефициентите за раководење до надлежниот синдикат (Самостојниот синдикат за здравство фармација и социјална заштита на Република Македонија) е доставено писмено известување за нивно усогласување, при тоа по предлог-барањето за измени и

дополнување на Колективниот договор заведен под број 04-453/2 од 24.09.2010 година не е добиен повратен одговор.

Дадени се образложенија во кои се наведуваат причините заради кои договорите за вработување не ги содржат сите потребни елементи согласно Законот за работни односи и е доставен бланко примерок на Анекс-1 кон Договорот за вработување кон чие изработување пристапила Јавната установа и се наведува „во кои ќе ги утврди сите елементи наведени во Нацрт извештајот и всушност ќе направи спојување на Договорот со решението во вид на Анекс кон договорот".

За не извршеното враќање на работничките книшки на поголем број на вработени до 04 ноември 2008 година е доставено Известување (број 03-1451 од 29.10.2008 година) адресирано до одговорните медицински сестри на сите одделенија во кое вработените се упатуваат во најкус рок во правната служба да ја подигнат работничката книшка од досието по кое до денот на добиените информации/забелешки не е постапено.

Превземените активности од страна надлежните органи во делот на изменување и дополнување на актите ќе бидат соодветно презентирани во Конечниот извештај а дадената препорака преформулирана.

5. Доставената забелешка на **точката 3.2.2.** кои се однесуваат на утврдени неправилности во процесот на електронското евидентирање на работното време и информациите кои ги дава истиот кои треба да преставуваат основа за системот на пресметка на бруто платите на вработените, <u>**не преставува забелешка**</u>. Законскиот застапник во прилог на информацијата достави Одлука за пропишување и уредување на начинот на евидентирање, потврдување и пресметување на прекувремените часови и нивно прераспоредување заведена под број 02-437 од 04.04.2011 година што претставува постапување по дадената препорака во Нацрт извештајот.

   Превземените активности од страна надлежните органи ќе бидат соодветно презентирани во Конечниот извештај а дадената препорака преформулирана.

6. Доставената забелешка на **точката 3.2.3.** која се однесува на начинот на раководење со Јавната установа односно именување на директор <u>**не преставува забелешка.**</u> Законскиот застапник информира дека со решение од Министерот за здравство именуван е работоводен орган-директор. Законскиот застапник достави Решение за разрешување на вршител на должноста директор на ЈЗУ Псхијатриска болница „Скопје"-Скопје и Решение за именување на директор на ЈЗУ Псхијатриска болница „Скопје"-Скопје заведено под број 10-2456/1 од 21.02.2011 година.

Превземените активности од страна надлежните органи ќе бидат соодветно презентирани во Конечниот извештај а дадената препорака изоставена.

7. Доставената забелешка на **точката 3.2.4.** која се однесува на констатираните состојби во делот на ангажирањето на волонтери **<u>не преставува забелешка</u>**. Законскиот застапник во прилог на информацијата достави Предлог Програма за ангажирање на волонтери во ЈЗУ Псхијатриска болница Скопје, која е предложена за разгледување од страна на управниот одбор и нејзино донесување, што всушност преставува само постапување по дадената препорака.
   Превземените активности од страна на раководителот на субјектот ќе бидат соодветно презентирани во Конечниот извештај а дадената препорака во Нацрт извештајот преформулирана.

8. Доставената забелешка на **точката 3.2.5.** дека Јавната установа нема основано Единица за внатрешна ревизија **<u>не преставува забелешка</u>**. Доставената Нацрт статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната установа во која е предвидено „Одделение - Единица за внатрешна ревизија" преставува информирање за превземените активности по дадената препорака од овластениот државен ревизор. Раководителот на субјектот потребно е да продолжи со превземените активности наведената одлука да се усвои од управниот одбор и да се обезбеди согласност од надлежното министерство.

9. Доставената забелешка на **точката 3.2.6.** која се однесува на начинот на извршениот попис, превземените активности по истиот и содржината на извештајот за извршениот попис **<u>не се прифаќа</u>**. Законскиот застапник информира за причините за констатираните состојби, кои ревизијата ги имаше како сознание во текот на ревизијата но истите не ги прифати и воедно информира за постапувањето по дадената препорака од страна на овластениот државен ревизор. Имено доставени се предлог Политики за начинот на постапување и документирање на работата на пописните комисии кои е потребно да бидат усвоени од надлежниот орган за управување со јавната установа.
   Наведениот Правилник го опишува начинот на вршење на попис на средствата, побарувањата и обврските и истиот содржи опис на: начин на отпочнување на пописот, попис на залихи на материјали и попис на парични средства, хартии од вредност побарувања и обврски како и книговодствено сравнување и превземање мерки за наплата на побарувањата.

Превземените активности од страна на раководителот на субјектот ќе бидат соодветно презентирани во Конечниот извештај а дадената препорака преформулирана.

10. Доставената забелешка на **точката 3.3.2.** која се однесува на начинот на евидентирање на земјиштето и градежните објекти **<u>не преставува забелешка</u>**. Законскиот застапник информира за причините за утврдената состојба и воедно во прилог достави копија од ново обезбедениот имотен лист за градежните објекти заведен под број 1105-55269/2011 од 22.03.2011 година и друга пропратна документација.

    Превземените активности од страна на раководителот на субјектот ќе бидат соодветно презентирани во Конечниот извештај а дадената препорака преформулирана.

11. Доставената забелешка на **точката 3.3.5.** која се однесува на постапката на верификација и потврдување на побарувањата и обврските, **<u>не преставува забелешка</u>**. Законскиот застапник информира за превземените активности односно донесување на политика за континуирано усогласување на меѓусебните побарувања и обврски.

    Имено законскиот застапник постапувајки по дадената препорака за утврдените состојби во делот на извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските донесува предлог Политики за начинот на постапување и документирање на работата на пописните комисии и истите ги предлага на усвојување на управниот одбор. Во делот **„IIIа Книговодствено сравнување и превземање мерки за наплата на побарувањата“** се наведени конкретни насоки за начинот на постапување и усогласување на побарувањата и обврските кои ги има Јавната установа односно „сравнувањето ќе се извршува задолжително на крајот на годината на 31.12. со состојба 30.11 и уште едно сравнување најкасно до 20-ти јануари тековната година со состојба 31.12.од претходната година„.

    Превземените активности соодветно ќе бидат обелодените во Конечниот извештај а дадената препорака соодветно преформулирана во насока на усвојување на наведената процедура од надлежниот орган за управување и нејзина имплементација во пракса.

    Во прилог на информацијата законскиот застапник достави копија од извршеното усоѓлсување на меѓусебните побарувања и обврски со состојба 31.12.2010 година, кое соодветно ќе биде презентирано во конечниот извештај.

12. Доставената забелешка на **точката 3.3.6.** за не превземени мерки и активности за пропишување на политики и уредување на начинот на постапување, евидентирање и контрола на паричните средства наплатени во готово по основ на: извршени здравствени услуги на пациенти здравствено неосигурани; реализирани здравствени услуги на пациенти од странство; учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга кои амбулантски се лекуваат/партиципација **не преставува забелешка**. Законскиот застапник информира за превземените мерки за надминување на утврдените состојби и воедно во прилог на извештајот достави Предлог политики за начинот на постапување, евидентирање и контрола на паричните средства наплатени во готово по основ на извршени здравствени услуги, на пациенти здравствено неосигурани, извршени здравствени услуги на пациенти од странство, учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга (за амбулантски прегледи)-партиципација кои политики потребно е да бидат усвоени од надлежниот орган за управување со јавната установа, како и друга пропратна документација за превземените мерки.

    Превземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај а дадената препорака соодветно преформулирана во насока на усвојување на наведената процедура од надлежниот орган за управување и нејзина имплементација во пракса.

13. Доставената забелешка на **точката 3.4.1.** која се однесува на утврдените состојби во делот на начинот на доделувањето на договорите за јавните набавки и следењето на нивната реализација **не преставува забелешка**. Законскиот застапник информира дека Јавната установа изготвила предлог „Процедура за начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки и воспоставување на контроли за нивно следење и реализација на доделените договори за јавни набавки" која процедура потребно е да се усвои од надлежниот орган за управување на Јавната установа.

    Превземените активности соодветно ќе бидат обелодените во Конечниот извештај а дадената препорака соодветно преформулирана во насока на усвојување на наведената процедура од надлежниот орган за управување и нејзина имплементација во пракса.

Скопје, 20.04.2011 година,